**ПИВАРА СКОПЈЕ АД**
**ПОЛИТИКА ЗА КВАЛИТЕТ, БЕЗБЕДНОСТ НА ХРАНА, ЗАШТИТА НА ЖИВОТНА СРЕДИНА, ЗАШТИТА И ЗДРАВЈЕ ПРИ РАБОТА И УПРАВУВАЊЕ СО ВОДНИ РЕСУРСИ И ЕНЕРГИЈА**

Пивара Скопје АД, со цел остварување на своите деловни активности, во сите сфери на своето работење, се обврзува да негува одговорен пристап кон вработените, потрошувачите, купувачите, контракторите, добавувачите, заедницата и другите заинтересирани страни, со грижа за животната средина.

За таа цел Пивара Скопје АД, воспоставува ефективни системи за управување, фокусирајќи се на следните клучни области:

- Посветеност за обезбедување на ресурси за одржување, континуиран развој, исполнување и почитување на апликативни барања од Законската регулатива, меѓународните стандарди ISO 9001, ISO 14001, ISO 45001, ISO 22000/FSSC, ISO 50001, *ISO 460001*, барањата на The Coca-Cola Company, Heineken NV и Coca-Cola HBC, како и воведување на нови системи.
- Поставување и остварување на високи мерливи цели, преку идентификување ризици и евалуација на можности, обезбедувајќи проактивен пристап и позитивно влијание.
- Валидација на перформансите и долгорочните цели, преку процес на интерни и екстерни проверки, преглед на менаџментот и нашето позиционирање во рамки на индустријата, вклучувајќи ги резултатите во процесот на годишно планирање на бизнис планот.
- Производство и испорака на производи кои ги исполнуваат највисоките стандарди за квалитет и безбедност на храна, бескомпромисно почитувајќи ги хигиенските стандарди, како клучна вредност во свесноста, однесувањето и начинот на работење на вработените од сите нивоа во компанијата.
- Креирање на свесност за долгорочна превенција и намалување на загубите на храна, низ целиот ланец за снабдување, од набавка на суровини до испорака на готов производ.
- Креирање на свесност за одржлив раст и намалување на влијанието од климатските промени, преку континуирано следење и прокативно дејствување во насока на намалување на јаглеродната стапка (емисија на стакленички гасови), со цел поддршка на биодиверзитетот и долгорочна заштита на еко-системите.
- Идентификација и имплементација на можности за континуирано подобрување на енергетската перформанса, преку поддржување на набавка на енергетски ефикасни производи, услуги и дизајни, како и грижа за одговорно искористување на ресурсите.
- Идентификација и имплементација на можности за континуирано подобрување на водните перформанси, преку поддржување на активности за заштита и ефикасно искористување на водните ресурси, третман на отпадните води и поддршка на бидиверзитетот, како и осигурување на доволно количество на квалитетна вода, безбедна за пиење и хигиена.
- Намалување на количеството на отпад, согласно дефинираната рамка за “Свет без отпад”, преку промовирање на одржливи пакувања, рециклирање и користење на рециклирани материјали.
- Намалување на влијанието врз животната средина преку промовирање на еколошка флота, безбедно и еколошко управување со возилата, како и користење на еколошка разладна опрема за пијалаци.
- Соработка со надворешни институции и организации за позитивен придонес во развојот и унапредувањето на заедницата.
- Осигурување на целосно почитување на барањата на Пивара Скопје АД од страна на добавувачите и контракторите, преку проверки и влезна контрола.
- Обезбедување и одржување на безбедна и здрава работна средина, преку консултација и вклучување на вработените во проценката и контролата на индетификуваните ризици и можности, осигурувајќи одговорност и задолжение за почитување на правилата од животно значење и промовирајќи овластување за запирање со работа при небезбедни услови или однесување.
- Градење на свесност, способности и вештини на вработените, преку структурирани програми, со цел креирање на култура за одржливост, управување со ризици и превентивно делување, со крајна цел за извонредност во работењето.
- Интерно и екстерно комуницирање на аспектите, стратегијата и перформансите на Компанијата за квалитет и безбедност на храна, животна средина, заштита и здравје при работа и управување со енергија и вода.

13/01/2025

**Душан Митрев**
**Генерален Директор**